Медиумска Информативна Агенција
Акционерско друштво за државна сопственост Скопје
Agjencia Informative Mediatike
ne pronesi shtetërore Shkup
АД МИА - SHA MIA
СКОПЈЕ - SHKUP
Примено: 05.05.26
Орг. единица: 05
Број: 207/2

Акционерско друштво Медиумска информативна агенција – Скопје во државна сопственост

Финансиски извештаи
за годината што завршува на
31 декември 2025 и
Извештај на независниот ревизор

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независниот ревизор	1 – 4
Извештај за сеопфатната добивка	5
Извештај за финансиската состојба	6
Извештај за промените во главнината	7
Извештај за паричните текови	8
Белешки кон финансиските извештаи	9 – 21
Прилог 1 - Годишен извештај	
Прилог 2 – Годишна сметка	

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО СОПСТВЕНИКОТ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО МЕДИУМСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА – СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Извештај за ревизијата на финансиски извештаи

Мислење

Ние извршивме ревизија на финансиските извештаи на АД Медиумска информативна агенција Скопје, во државна сопственост (во понатамошниот текст: Друштвото), коишто го вклучуваат извештајот за финансиска состојба на 31 декември 2025 година, извештајот за сеопфатна добивка, извештајот за промените во капиталот и извештајот за паричните текови за годината која завршува на тој ден и како и белешките кон финансиските извештаи, вклучувајќи и резиме на значајните сметководствени политики.

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи објективно ја презентираат, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на друштвото на ден 31 декември 2025 година, како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за годината која завршува на тој ден, во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија.

Основа за мислење

Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија (МСР). Нашите одговорности според наведените стандарди се опишани во делот "Одговорности на ревизорот за ревизијата на финансиските извештаи" од овој извештај.

Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) (Кодексот на ОМСЕС) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на финансиските извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС кој е во примена во Република Северна Македонија.

Веруваме дека ревизорските докази што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето мислење.

Останати прашања

Финансиските извештаи за претходната година која завршува на 31 декември 2024 година, се ревидирани од друг ревизор кој во својот извештај од 18 јуни 2025 година има изразено мислење без резерва.

Други информации

Раководството е одговорно за другите информации. Другите информации се состојат од годишниот извештај за работата и годишната сметка изготвени од раководството во согласност со Законот за трговските друштва, но не ги вклучуваат финансиските извештаи и нашиот ревизорски извештај.

Нашето мислење за финансиските извештаи не ги покрива другите информации и ние не изразуваме каква било форма на уверување за нив, освен и во обем кој е експлицитно наведен во пасусот Извештај за други правни и регулативни барања.

Во врска со нашата ревизија на финансиски извештаи, наша одговорност е да ги прочитаме другите информации и притоа да разгледаме дали другите информации се материјално неконзистентни со финансиските извештаи или нашето знаење, прибавено во ревизијата, или поинаку, произлегува дека се материјално погрешни.

Доколку, врз основа на нашата извршена работа, ние заклучиме дека постои материјално погрешно прикажување на овие други информации, ние треба да известиме за овој факт. Ние немаме ништо да известиме во однос на ова прашање.

(продолжува)

knowing you.

Крестон Македонија ДООЕЛ Скопје е фирма членка на Kreston Global. Kreston Global е глобална мрежа на фирми и секоја од нив претставува посебен и самостоен правен ентитет, која не одговара за дејствијата и пропустите на било која друга членка во мрежата. Kreston Global не обезбедува професионални услуги за клиентите во било која земја. Фирмите членки на Kreston Global, се независни и одговорни за професионалните услуги кои ги нудат на своите клиенти.

Крестон Македонија дооел
Бул.Јане Сандански бр.111/1-к.2-1, 1000
Скопје, Република Северна Македонија
ДБ МК4032022552493 | ЕМБС 7569530
+389 79 263 220
kreston.mk | info@kreston.mk

Независна членка на Kreston Global која е член на Forum of Firms

MEMBER OF THE FORUM OF FIRMS

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО СОПСТВЕНИКОТ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО МЕДИУМСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА – СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ (продолжение)

Одговорност на раководството и оние кои се задолжени за управувањето за финансиските извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се во примена во Република Северна Македонија и за таквата внатрешна контрола каква што раководството утврдува дека е неопходна за да се овозможи подготовка на финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, било да е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на финансиските извештаи, раководството е одговорно за проценка на способноста на Друштвото да продолжи под претпоставката за континуитет, обелоденувајќи, кога е применливо, прашања поврзани со континуитетот и користење на сметководствената основа на континуитет, освен ако раководството или има намера да ја ликвидира Друштвото или да го прекине работењето, или нема друга реална алтернатива освен да го стори тоа.

Оние кои се задолжени за управувањето се одговорни за надгледување на процесот на финансиско известување на Друштвото.

Одговорност на ревизорот за ревизија на финансиските извештаи

Нашите цели се да стекнеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи како целина не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка и да издадеме ревизорски извештај што го вклучува нашето мислење. Разумно уверување е високо ниво на уверување, но не претставува гаранција дека ревизијата спроведена во согласност со Стандардите секогаш ќе открие материјално погрешно прикажување кога тоа постои. Погрешните прикажувања може да произлезат од измама или грешка и се сметаат за материјални ако, поединечно или во вкупен износ, од нив може разумно да се очекува да влијаат на економските одлуки на корисниците донесени врз основа на овие финансиски извештаи.

Како дел од ревизијата во согласност со Стандардите, применуваме професионално расудување и одржуваме професионален скептицизам во текот на ревизијата. Ние исто така:

- Ги идентификуваме и проценуваме ризиците од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, без разлика дали се резултат на измама или грешка, дизајнираме и извршуваме ревизорски процедури кои одговараат на тие ризици и прибавуваме ревизорски докази кои се доволни и соодветни да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Ризикот од неоткривање на материјално погрешно прикажување како резултат на измама е повисок од ризикот како резултат на грешка, поради тоа што измамата може да вклучи заговор, фалсификување, намерни пропусти, лажни прикажувања или заобиколување на внатрешната контрола.

- Стекнуваме разбирање за внатрешните контроли кои се значајни за ревизијата со цел да дизајнираме ревизорски процедури соодветни на околностите, но не и со цел за изразување мислење за ефективноста на внатрешната контрола на Друштвото.

- Ја оценуваме соодветноста на користените сметководствени политики и разумноста на сметководствените проценки и поврзаните обелоденувања направени од страна на раководството.

- Донесуваме заклучок за соодветноста на применетата претпоставка за континуитет како сметководствена основа од страна на раководството и врз основа на прибавените ревизорски докази дали постои материјална неизвесност поврзана со настани или услови кои можат да предизвикаат значаен сомнеж во можноста на Друштвото да продолжи да работи под претпоставката на континуитет. Доколку заклучиме дека постои материјална неизвесност, тогаш е потребно да обрнеме внимание во нашиот ревизорски извештај на поврзаните обелоденувања во консолидираните финансиски извештаи или доколку таквите обелоденувања се несоодветни, да го модификуваме нашето мислење. Нашите заклучоци се засновани на ревизорските докази прибавени до датумот на нашето ревизорско мислење. Меѓутоа, идни настани или услови може да предизвикаат Друштвото да престане да работи според претпоставката на континуитет.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

ДО СОПСТВЕНИКОТ НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО МЕДИУМСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА – СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ (продолжение)

- Ја оценуваме севкупната презентација, структура и содржина на финансиските извештаи, вклучувајќи ги обелоденувањата и дали финансиските извештаи ги претставуваат основните трансакции и настани на начин кој постигнува објективна презентација.

Комуницираме со оние кои се задолжени за управувањето, меѓу другото, и за планираниот обем и временскиот распоред на ревизијата и за значајните наоди од ревизијата, вклучувајќи ги евентуалните значајни недостатоци на внатрешната контрола што ги идентификувавме во текот на ревизијата.

Ние, исто така, обезбедуваме изјава за оние кои се задолжени за управувањето дека сме усогласени со релевантните етички барања во однос на независноста и со нив комуницираме за сите односи и други прашања за кои разумно може да се смета дека влијаат на нашата независност и, онаму каде што е применливо, активностите преземени за елиминирање на заканите или применетите заштитни мерки.

Извештај за други правни и регулативни барања

Како што е наведено во пасусот Други информации, Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва.
Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025 година, во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија.
Според наше мислење, историските финансиски информации објавени во годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31 декември 2025, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31 декември 2025.

Партнер на ревизорскиот ангажман од кој произлегува извештајот на независниот ревизор е Ненад Тортевски.

Крестон Македонија Дооел Скопје

Тортевски Ненад
Овластен ревизор
Управител

Скопје
5 мај 2026 година

Тортевски Ненад
Овластен ревизор

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА
Година што завршува на 31 декември 2025
(Во илјади денари)

	Белешка	2025	2024
Приходи од услуги	5	17,766	14,040
Останати приходи	6	56,653	48,804
		74,419	**62,844**
Трошоци за вработените	8	(55,639)	(55,831)
Трошоци за амортизација	11	(3,157)	(3,675)
Останати трошоци	7	(18,425)	(17,942)
		(77,221)	**(77,448)**
Загуба од оперативно работење		**(2,802)**	**(14,604)**
Финансиски расходи, нето	9	(3)	(2)
Загуба пред оданочување		**(2,805)**	**(14,606)**
Данок на добивка	10	-	-
Нето загуба за годината		**(2,805)**	**(14,606)**
Вкупна сеопфатна загуба за годината		**(2,805)**	**(14,606)**

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

Овие ревидирани финансиски извештаи беа усвоени од страна на раководството на Друштвото на 13 март 2026 година.

Одобрено од:

Дарко Јаневски
Претседател на УО - Генерален директор

Овластен сметководител

ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
На 31 декември 2025 година
(Во илјади денари)

	Белешка	2025	2024
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	11	717	1,209
Недвижности и опрема	11	24,556	27,166
		25,273	**28,375**
Тековни средства			
Побарувања од купувачи	12	4,733	4,575
Останати побарувања	13	1,606	1,606
Пари и парични еквиваленти	14	6,592	7,801
		12,931	**13,982**
ВКУПНО СРЕДСТВА		**38,204**	**42,357**
ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ			
Главнина			
Основна главнина	15	3,731	3,731
Резерви		1,325	1,325
Акумулирана добивка		11,624	14,428
Вкупно главнина		**16,680**	**19,484**
Нетековни обврски			
Државна поддршка	18	**18,553**	**19,136**
Тековни обврски			
Обврски кон добавувачи	16	431	391
Останати обврски	17	1,956	1,963
Државна поддршка	18	584	1,383
Вкупно тековни обврски		**2,971**	**3,737**
ВКУПНО ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ		**38,204**	**42,357**

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО ГЛАВНИНАТА
Година што завршува на 31 декември 2025
(Во илјади денари)

	Акционерски капитал	Ревалоризациони резерви	Акумулирана загуба	Вкупно
Состојба на 1 јануари 2024	**3,731**	**746**	**29,614**	**34,090**
Загуба за годината	-	579	(15,185)	(14,606)
Состојба на 31 декември 2024	**3,731**	**1,325**	**14,429**	**19,484**
Добивка за годината	-	-	(2,805)	(2,805)
Усогласувања	-	-	1	1
Состојба на 31 декември 2025	**3,731**	**1,325**	**11,624**	**16,680**

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
Година што завршува на 31 декември 2025
(Во илјади денари)

	Белешки	2025	2024
Парични текови од оперативни активности			
Загуба пред оданочување		(2,805)	(14,607)
Коригирана за:			
Амортизација на материјални и нематеријални средства		1,775	2,044
Расходи/(приходи) за камати, нето		3	(1)
Оперативна добивка/(загуба) пред промени во обртниот капитал		**(1,027)**	**(12,563)**
Намалување на залихите		-	9
(Зголемување)/намалување на побарувањата од купувачите и останатите побарувања		(158)	3,700
Зголемување на обврските кон добавувачи и останатите обврски		34	285
Парични текови користени за оперативни активности		**(1,151)**	**(8,569)**
(Платени)/примени камати, нето		(3)	1
Платен данок на добивка		-	-
Нето парични текови генерирани од оперативни активности		**(1,154)**	**(8,568)**
Парични текови од инвестициони активности			
Набавка на постројки и опрема, нето		(55)	(2,025)
Нето парични текови користени за инвестициони активности		**(55)**	**(2,025)**
Парични текови од финансиски активности		-	-
Нето намалување на пари и парични еквиваленти		**(1,209)**	**(10,593)**
Пари и парични еквиваленти на почетокот од годината		7,801	18,394
Пари и парични еквиваленти на крајот од годината	14	6,592	7,801

Белешките кон финансиските извештаи
претставуваат интегрален дел на овие финансиски извештаи.

1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

АД Медиумска Информативна Агенција Скопје – во државна сопственост, (во понатамошниот текст "Друштвото") е акционерско друштво формирано во Скопје на 18 февруари 1992 година.

Како единствен сопственик на Друштвото е Владата на РСМ.

Главни активности на Друштвото се новинарски услуги.

На 31 декември 2025 година, Друштвото има 75 вработени лица (2024 година: 77 вработени лица).

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

2.1 Основи за подготовка и презентација на финансиските извештаи

Овие финансиски извештаи се подготвени во согласност со одредбите на Законот за трговски друштва (објавени во "Службен весник" бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 88/2017, 192/2017, 64/2018, 120/2018, 290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025) и Правилникот за водење на сметководство објавен во Службен весник бр.75/2024 (Правилник), каде што се објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ издание 2023). Овој Правилник ги содржи Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ) - МСФИ 1 до МСФИ 17, Меѓународните сметководствени стандарди (МСС) - МСС 1 до МСС 41, толкувањата на Комитетот за толкување на меѓународното финансиско известување (КТМФИ) - КТМФИ 1 до КТМФИ 23 и толкувањата на Постојниот комитет за толкување (ПКТ) - ПКТ 7 до ПКТ 32.

Горенаведените стандарди, измени и толкувања (МСФИ , КТМФИ и ПКТ) се применливи во Република Северна Македонија започнувајќи од 1 јануари 2025, освен МСФИ 17, Договори за осигурување, кој ќе започне да се применува од 1 јануари 2028. Со измените на Правилникот објавен во Службен весник бр.274/2024, МСФИ 9, Финансиски инструменти, ќе започне да се применува од 1 јануари 2028 и во согласност со насоките од страна на Советот за унапредување и развој над сметководствената професија на Република Северна Македонија, МСС 39 и МСФИ 4 објавени во Службен весник бр. 159/2009 остануваат применливи сметководствени стандарди за финансиски инструменти и договори за осигурување до тој датум.

Друштвото ги примени сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои се објавени во Службен весник бр.75/2024 и 274/2024. Бидејќи МСФИ 9 и МСФИ 17 не се во примена за периодот кој започнува на 1 јануари 2025, финансиските извештаи на Друштвото се подготвени во согласност со сметководствените стандарди применливи во Република Северна Македонија, како што се објавени во Правилникот и објаснети погоре. Следствено МСФИ 1, Првично усвојување на меѓународни стандарди за финансиско известување, не е применлив и Друштвото ги примени специфичните преодни одредби за сите сметководствени стандарди, како што е објаснето во текстот подолу.

По спроведувањето на Правилникот, објавен во Службен весник бр.75/2024, раководството го оцени влијанието на новопримените стандарди и утврди дека истите немаат значително влијание врз финансиските извештаи, освен за ефектите од МСФИ 16, кои се прикажани во финансиските извештаи.

Материјалните информации за сметководствените политики се презентирани во Белешка 3 и се применуваат конзистентно при подготовката на финансиските извештаи за годината која завршува на 31 декември 2025 и 31 декември 2024, освен ако не е наведено поинаку.

Финансиските извештаи се составени во согласност со принципот на набавна вредност, освен ако не е поинаку наведено во сметководствените политики кои се дадени во натамошниот текст. Во составувањето на овие финансиски извештаи Друштвото ги применува сметководствените политики наведени во белешката 3.

Износите содржани во финансиските извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

3.1 Приходи од договори со купувачи

Приходот се признава во износ на цената на трансакцијата. Цената на трансакцијата е износот на надоместокот на кој субјектот очекува дека ќе има право во замена за пренос на ветените добра или услуги на купувачот, исклучувајќи ги износите кои се наплатени во корист на трети страни (на пример, данок на додадена вредност). Надоместокот кој е ветен во договор со купувач може да вклучува фиксни износи, варијабилни износи, или и двете.

Друштвото ја применува метода за признавање на приходите (пристап на пет чекори) во согласност со МСФИ 15, Приходи од договори со купувачи. Главните видови на приходи на Друштвото опфатени со МСФИ 15 се следните:
- Продажба на услуги

Приходите ги отсликуваат надоместоците што Друштвото очекува да ги има во замена за тие добра во текот на годината, исполнувањето на обврската за извршување е завршено, односно кога "контролата" над стоките што лежат во основата на обврската за извршување е пренесена на клиентите. Основниот принцип е дека Друштвото ги признава приходите за да го прикаже трансферот на ветените добра или услуги на купувачите во износ кој ја отсликува вредноста на надоместоците што Друштвото очекува да ги има во замена за тие добра или услуги. Овој принцип се реализира согласно рамката на моделот:

1. Идентификување на договорот(ите) со купувачите;
2. Идентификување на обврските за извршување во договорот
3. Одредување на цената на трансакцијата
4. Распределба на цената на трансакцијата на обврските за извршување во договорот
5. Признавање на приходот кога (или додека) Друштвото ја исполнува обврската за извршување.

Приходот се состои од објективната вредноста на применият надоместок за продажбата на добра и услуги во редовното работење на Друштвото. Приходот се признава на следниов начин:

Приходи од договори со купувачи – Продажба на услуги

Приходите се признаваат во периодот во кој услугите се извршуваат, односно во моментот кога претплатата е обезбедена на корисникот, бидејќи обврската за извршување се исполнува со извршување на конкретната услуга.

Доколку услугата се извршува во одреден момент (point in time), приходот се признава кога услугата е целосно извршена и клиентот ја има прифатено, односно кога Друштвото има право на наплата.

Побарувањата од договорни страни се признаваат кога Друштвото има безусловно право на надомест за веќе извршените услуги.

3.2 Износи искажани во странска валута

Трансакциите деноминирани во странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви на Народна банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на составувањето на извештајот за финансиска состојба. Нето позитивни и негативни курсни разлики, кои произлегуваат од конверзија на износите искажани во странска валута, се вклучуваат во извештајот за сеопфатна добивка во периодот на настанување.

3.3 Користи за вработените

Друштвото во нормалниот тек на работењето, во име на вработените, врши уплати на придонеси за пензиско, здравствено осигурување, вработување и персонален данок на доход, кои се пресметуваат на бруто плата. Друштвото овие средства ги уплаќа во државните фондови – здравствен и пензиски, според законските стапки кои се во сила во текот на годината, а кои се пресметуваат на бруто плата. Трошокот за овие плаќања се признава во извештај за сеопфатна добивка во истиот период кога и трошокот за соодветната плата. Не постојат други пензиски шеми или пост-пензиски планови за бенефиции па соодветно на тоа не постојат и дополнителни обврски кои се однесуваат на пензии. Друштвото има обврска за исплаќање отпремнина при пензионирање на вработените, во висина на двократен износ од просечно исплатена нето плата во Република Северна Македонија.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.4 Оданочување

Тековен данок

Данокот на добивка се пресметува и плаќа согласно одредбите на Законот за данок на добивка. Плаќањето на месечниот данок се врши аконтативно утврдено од даночните органи. Крајниот данок по стапка од 10% се пресметува на добивката утврдена во извештајот за сеопфатна добивка коригирана за одредени непризнаени трошоци согласно законските одредби.

Пресметувањето и плаќањето на данокот на добивка за фискалната 2024 година, Друштвото го извршува согласно Законот за данокот на добивка, односно 10% на остварената добивка, вклучувајќи го и даночниот ефект на приходи и трошоци кои се неоданочливи или неодбитни при утврдувањето на оданочливата добивка.

Одложен данок

Одложениот данок се признава на разликата помеѓу сметководствената вредност на средствата и обврските во финансиските извештаи и нивната соодветна даночна основа употребена при пресметката на оданочливата добивка и се евидентира со примена на методот на обврска.

Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочливи временски разлики и одложено даночно средство се признава за сите одбитни временски разлики и тоа во обем во кој има веројатност дека ќе постои добивка која што ќе биде предмет на оданочување и во однос на која ќе може да се искористат временските разлики како одбитна ставка.

Одложените даночни средства и обврски се вреднуваат според даночните стапки кои се очекува да се применат во периодот во кој обврските се исплатени или во кој средствата се реализирани, а произлегуваат од пропишаните даночни стапки (и закони за даноци) коишто важат на крајот на периодот на известување.

Данок на додадена вредност

Приходите, трошоците и средствата се признаваат во износ намален за данокот на додадена вредност, освен:

- кога данокот при набавка на средството или услугата не може да се врати од даночните власти, во кој случај се признава како дел од набавната вредност на средството или дел од трошокот; и
- за побарувањата и обврските кои се прикажани со вклучен износ на данок на додадена вредност.

Нето износот на данокот на додадена вредност кој се побарува од, односно се должи на даночните власти е вклучен како дел од побарувањата односно обврските на датумот на извештајот за финансиска состојба.

3.5 Материјални средства

Материјалните и нематеријалните средства се евидентираат според набавната вредност, намалена за акумулираната амортизација и загубата поради оштетување, доколку постои.

Амортизацијата се пресметува на праволиниска основа по пропишани стапки со цел набавната вредност на недвижностите постројките и опремата да се алоцира во текот на нивниот проценет корисен век на употреба.

Применетите годишни стапки за 2025 година се следните:

Градежни објекти	2.5%
Опрема и канцелариски мебел	10%-25%
Транспортни средства	20%

Отстапените или на друг начин отуѓени материјални и нематеријални средства се елиминираат од извештајот за финансиската состојба заедно со исправката на вредноста. Добивката или загубата што произлегува од таквото отуѓување се евидентира во извештајот за сеопфатна добивка.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.6 Нематеријални средства

Нематеријалните средства се евидентираат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и загубите поради обезвреднување. На денот на билансот на состојба, нематеријалните средства се состојат од набавени компјутерски софтверски лиценци, кои се капитализирани врз основа на трошоците настанати при набавката и ставањето во употреба. Набавната вредност се амортизира во текот на проценетиот корисен век со годишна стапка на амортизација од 20%.

3.8 Залихи

Залихите се состојат од залиха на резервни делови, ситен инвентар и материјали во склад која е прикажана според пониската меѓу набавната вредност и нето реализационата вредност. Набавната вредност на залихите ги опфаќа сите трошоци на набавка, трошоците за конверзија и другите трошоци кои се направени за доведување на залихите во нивната сегашна локација и состојба. Политиката на отпис на ситниот инвентар е 100% во моментот на ставање во употреба.

3.9 Финансиски инструменти

Финансиските средства и финансиските обврски се признаваат во моментот кога Друштвото станува страна во договорните обврски по овој инструмент. Финансиските средства и финансиските обврски иницијално се евидентирани по објективната вредност.

Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачите и останатите побарувања се прикажуваат по нивната надоместлива вредност намалена за загубите поради оштетување кои се вклучени во останати оперативни трошоци. Надоместливиот износ се проценува земајќи ги во предвид потенцијалните доцнења со наплатата и неисполнувањето на обврските за плаќање. Отписот на побарувањата се спроведува врз основа на старосната структура на побарувањата и кога се оценува дека делумната или целосната наплата на побарувањата не е веројатна или врз основа на судска одлука, вонсудска спогодба или одлука донесена од страна на раководството на Друштвото. Сметководствената вредност на побарувањата се намалува преку исправка на вредноста на побарувањата и износот на трошокот се прикажува во извештајот за сеопфатна добивка. Последователните наплати на претходно отпишаните побарувања и соодветно намалување на исправките се прикажува како приход.

Пари и парични еквиваленти

Парите и паричните еквиваленти вклучуваат готовина во благајна и пари на тековни сметки во денари и странска валута. За целите на составување на извештајот за паричните текови, парите и паричните еквиваленти ги вклучуваат средствата наведени погоре, кои може брзо да се конвертираат во познат износ на пари и се подложени на незначителен ризик од промена на нивната вредност.

Обврски кон добавувачи и останати обврски

Финансиските обврски, иницијално вреднувани по објективна вредност, последователно се вреднуваат по амортизирана набавна вредност со примена на методот на ефективна каматна стапка.

Метода на ефективна камата е метода на пресметување на амортизирачка набавна вредност на финансиската обврска и на распределба на трошокот од камата во текот на релевантниот период. Ефективната каматна стапка е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања или примања во текот на очекуваниот животен век на инструментот или, до нето сметководствената вредност на финансиската обврска, при иницијалното признавање.

3.10 Споредбени податоци

Заради посоодветно прикажување на тековната година одредени ставки од споредбените податоци се рекласифицирани. Овие рекласификации не резултираа со значајни промени во содржината и формата на финансиските информации презентирани во финансиските извештаи.

4. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ И ПРЕТПОСТАВКИ

При примената на сметководствените политики на Друштвото, опишани во Белешка 3, Друштвото користи најдобри можни проценки и разумни претпоставки кои се однесуваат на сметководствените вредности на средствата и обврските кои не се јасно видливи од други извори. Овие проценки и претпоставки се засновани на информациите од историското искуство како и други фактори кои се сметаат за релевантни во дадените околности. Идните вистински резултати можат да се разликуваат од проценетите износи.

Проценките и претпоставките повторно се проверуваат на континуирана основа. Повторното проверување на сметководствените проценки се признава во периодот во кој е извршена проверката доколку истата има влијание само на тој период или пак се признава во периодот на повторната проверка и во идните периоди доколку истата има влијание и врз тековниот и врз идните периоди.

Во продолжение се дадени клучните проценки кои се поврзани со идни, или други клучни извори на проценка на неизвесноста на датумот на извештајот за финансиска состојба, кои имаат ризик да предизвикаат материјално значајно коригирање на сметководствената вредност на средствата и обврските во идната финансиска година.

Објективна вредност

Објективната вредност на финансиските инструменти, за која нема активен пазар, е одредена со примена на соодветни методи на вреднување. Друштвото го применува сопственото професионално расудување во изборот на соодветните методи и претпоставки. Техниките кои се користени при вреднувањето на објективната вредност на финансиските инструменти се прикажани во Белешка 19.

Корисен век на средствата

Одредувањето на корисниот век на средствата се заснова на искуството за слични такви средства, како и очекуваниот технолошки развој и промени во поширокаата економија, индустриските фактори или локалните пазари. Соодветноста на проценетите корисни векови на средствата се прегледува на годишна основа, или во било кој момент кога ќе се постои индикација за значајна промена во употребените претпоставки.

Обезвреднување на побарувањата од купувачи и другите побарувања

Обезвреднувањето на сомнителните побарувања се заснова врз проценетите загуби кои потекнуваат од неможноста на купувачите да ги исполнат своите договорни обврски.

Проценките кои се користат при проценката на адекватноста на обезвреднувањето на сомнителните побарувања се старосната структура на побарувањата и историјата на отпис на побарувањата, кредитната способност на купувачите како и промените во нашите услови за плаќање. Проценките ги вклучуваат и претпоставките за идното однесување на комитентите и идните готовински наплати.

5. ПРИХОДИ ОД УСЛУГИ

	Во илјади денари	
	2025	2024
Приходи од услуги во земјата	17,388	13,619
Приходи од услуги во странство	378	421
	17,766	**14,040**

6. ОСТАНАТИ ПРИХОДИ

	Во илјади денари	
	2025	2024
Приходи од субвенции	55,200	45,000
Приходи од донации	1,383	1,438
Останати приходи	70	2,366
	56,653	**48,804**

7. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ

	Во илјади денари	
	2025	2024
Потрошени материјали	153	294
Потрошена електрична енергија	309	417
Потрошен материјал за возила	188	281
Услуги за такси превоз	400	440
Трошоци за телефонија	1,354	1,290
Услуги за одржување	3,035	2,379
Обезбедување на имот	13	18
Трошоци за службени возила	35	45
Трошоци за рекламен и пропаганден материјал	42	0
Трошоци за службени патувања	224	292
Трошок за исплата на теренси додаток	3,878	3,100
Останати надоместоци за вработени	572	216
Надомест за членови на управен одбор	926	915
Репрезентација	121	320
Премии за осигурување	26	388
Банкарски услуги	117	143
Членарини	10	3
Интелектуални услуги	379	224
Трошоци за договор на дело	3,502	4,856
Трошоци за дописни вести и слики од светот (ДПА и ЕПА)	2,651	1,849
Отпис	60	103
Расходи	19	22
Останати трошоци	411	347
	18,425	**17,942**

8. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ

	Во илјади денари	
	2025	2024
Нето плата	36,019	36,385
Придонеси за вработени	18,193	18,437
Регрес	1,233	905
Останати трошоци за вработените	194	104
	55,639	**55,831**

9. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ, НЕТО

	Во илјади денари	
	2025	2024
Финансиски приходи:		
Приходи од камати	2	1
Финансиски расходи:		
Казнени камати	(5)	-
Негативни курсни разлики	-	(3)
	(3)	**(2)**

10. ДАНОК НА ДОБИВКА

Усогласувањето на данокот на добивка пресметан на добивката пред оданочување за годината што завршува на 31 декември 2025 година е како што следува:

	Во илјади денари	
	2025	2024
Загуба пред оданочување	(2,805)	(14,607)
Данок на добивка по стапка од 10%	-	-
Данок на добивка на трошоци кои се непризнати за даночни цели	-	-
Данок на добивка на намалување на даночната основа – пренесена загуба од претходни години		
Данок на добивка по ефективна даночна стапка (2024: -)		

Во 2024 година, данокот на добивка се пресметува по законска стапка од 10% на утврдената добивка од Извештајот за сеопфатна добивка, коригирана за одредени ставки согласно законските одредби и износот на непризнаени трошоци за даночни цели.

11. НЕДВИЖНОСТИ И ОПРЕМА, НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

	Градежни објекти	Опрема и транспортни средства	Вкупно материјални средства	Софтвер	Вкупно нематеријални средства
Набавна вредност					
Состојба на 1 јануари 2024	**27,276**	**20,884**	**48,160**	**3,632**	**3,632**
Набавки	-	2,025	2,025	-	-
Состојба на 31 декември 2024	**27,276**	**22,909**	**50,185**	**3,632**	**3,632**
Набавки	-	55	55	-	-
Состојба на 31 декември 2025	**27,276**	**22,964**	**50,240**	**3,632**	**3,632**
Исправка на вредноста					
Состојба на 1 јануари 2024	**3,169**	**16,664**	**19,833**	**1,932**	**1,932**
Трошок за годината	682	2,503	3,185	491	491
Состојба на 31 декември 2024	**3,851**	**19,167**	**23,018**	**2,423**	**2,423**
Трошок за годината	682	1,984	2,666	491	491
Состојба на 31 декември 2025	**4,533**	**21,151**	**25,684**	**2,914**	**2,914**
31 декември 2025	**22,743**	**1,813**	**24,556**	**717**	**717**
31 декември 2024	**23,425**	**3,742**	**27,166**	**1,209**	**1,209**

12. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	31 декември 2024
Побарувања од купувачи во земјата	4,380	4,321
Побарувања од купувачи во странство	315	217
Сомнителни и спорни побарувања	2,649	2,648
Вредносно усогласување на побарувања	(2,611)	(2,611)
	4,733	**4,575**

13. ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

	Во илјади денари	
	2025	31 декември 2024
Побарувања од дадени аванси во земјата	386	386
Останати побарувања	10	10
Побарувања за повеќе платен данок на добивка	1,210	1,210
	1,606	**1,606**

14. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

	Во илјади денари	
	2025	31 декември 2024
Сметки во банка		
- во денари	5,464	5,971
- во странска валута	1,018	1,709
Депозити	82	92
Пари во благајна	28	29
	6,592	**7,801**

15. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Како единствен сопственик на Друштвото е Владата на РСМ, без уплатен влог евидентиран во тековната состојба на Друштвото. Вкупната основна главнина евидентирана во сметководствената евиденција изнесува 3,731 илјади денари.

16. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ

	Во илјади денари	
	2025	31 декември 2024
Обврски кон добавувачи во земјата	287	323
Обврски кон добавувачи по спогодби	144	68
	431	**391**

17. ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

	Во илјади денари 31 декември 2025	2024
Обврски за примени аванси во земјата	273	273
Обврски за данок на додадена вредност	871	889
Обврски за данок на добивка	249	249
Одложени приходи	192	192
Останати обврски	371	360
	1,956	**1,963**

18. ОДЛОЖЕНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРИХОДИ

	Во илјади денари 31 декември 2025	2024
Државни поддршки	19,137	20,519
	19,137	**20,519**

19. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

19.1. Управување со ризикот на капитал

Друштвото управува со капиталот како би се осигурало дека Друштвото ќе биде во можност да продолжи да работи според принципот на континуитет, и во исто време да го максимизира повратот на сопственикот.

Структурата на капиталот на Друштвото се состои од уплатен капитал, резерви и акумулирана добивка.

Раководството ја следи структурата на изворите на финансирање на Друштвото на годишна основа. Како дел од ова следење раководството ги анализира трошокот на капиталот и ризиците поврзани со секоја одделна класа на капиталот.

Показателот на задолженост на 31 декември 2025 година е како што следува:

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	2024
Пари и парични еквиваленти	(6,592)	(7,801)
Капитал	16,680	19,484
Нето долг/Капитал	-	-

19. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

19.2. Категории на финансиски инструменти

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Финансиски средства		
Побарувања од купувачи	4,733	4,575
Пари и парични еквиваленти	6,592	7,801
	11,325	**12,376**
Финансиски обврски		
Обврски кон добавувачи	431	391
	431	**391**

19.3. Цели на управување со финансиски ризици

Финансиските ризици го вклучуваат пазарниот ризик (девизен ризик), кредитниот ризик и ликвидносниот ризик. Финансиските ризици се следат на временска основа и се избегнуваат првенствено преку намалувањето на изложеноста на Друштвото на овие ризици. Друштвото не користи било какви специјални финансиски инструменти за да ги избегне овие ризици затоа што ваквите инструменти не се во широка употреба во Република Северна Македонија.

Пазарен ризик

Ризик од курсни разлики

Во текот на своето работење Друштвото не изложено на финансиските ризици од промена курсот бидејќи нема трансакции во девизи или тие се минимални.

Управување со каматниот ризик

Изложеноста на Друштвото на пазарен ризик од промени на каматните стапки се однесува првенствено на кредитите со променливи или фиксни каматни стапки, како и на паричните депозити кај домашни банки. Друштвото управува со овој ризик преку одржување на соодветен однос помеѓу некаматоносните извори на финансирање и финансиските обврски со променлива или фиксна каматна стапка.

Сметководствената вредност на финансиските средства и финансиските обврски на крајот на годината е како што следува:

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Финансиски средства		
Некаматоносни:		
Побарувања од купувачи	4,733	4,575
Пари и парични еквиваленти	110	121
	4,843	**4,696**
Со фиксна каматна стапка:		
Пари и парични еквиваленти	6,482	7,680
	6,482	**7,680**
	11,325	**12,376**
Финансиски обврски		
Некаматоносни:		
Обврски кон добавувачи	431	391
	431	**391**

19. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

19.3 Цели на управување со финансиски ризици (продолжение)

Кредитен ризик

Кредитниот ризик се однесува на ризикот од неисполнување на договорените обврски од страна на деловните партнери, што би резултирало со финансиски загуби за Друштвото.

Изложеноста на Друштвото спрема одредени купувачи, како и кредитниот рејтинг на купувачите постојано се под мониторинг со цел да се намали ризикот од ненаплатливост на најниско ниво. Сметководствената вредност на побарувањата од купувачи презентирани во овие финансиски извештаи ја претставува максималната изложеност на кредитен ризик. Побарувањата од купувачи не се обезбедени со било каков колатерал.

Структурата на побарувањата од купувачите на 31 декември 2025 година е како што следува:

	Бруто изложеност	Исправка на вредноста	Во илјади денари Нето изложеност
Недоспеани побарувања	123	-	123
Доспеани и обезвреднети побарувања	4,610	-	4,610
Доспеани но необезвреднети побарувања	2,611	(2,611)	-
	7,344	(2,611)	4,733

Доспеани, но необезвреднети *побарувања*

Друштвото не изврши исправка на вредноста на доспеаните побарувања во износ од 4,610 илјади денари бидејќи побарувањата се тековни од долгогодишни соработници од кои дел се наплатени до датумот на извештајот и дел се побарувања кои се потврдени од купувачите за кои се договара наплата во следниот период.

Старосната структура на доспеаните, но необезвреднети побарувања за годината што завршува на 31 декември 2025 година е како што следува:

	Во илјади денари 31 декември 2025
до 30 дена	1,643
од 30 до 90 дена	465
од 90 до 365 дена	378
над 365 дена	2,124
	4,610

Ликвидносен ризик

Раководството на Друштвото води грижа за обезбедување на ликвидноста. Раководството управува со ризикот од ликвидност преку одржување на извесен износ на слободни пари и парични еквиваленти, секојдневно следење на состојбата на паричните средства и проекции за идните парични приливи и одливи. Друштвото има пристап до финансиски средства од обезбедени од Град Скопје и Владата на РСМ, а преку тоа и до меѓународни кредитори со релативно ниска каматна стапка, што дополнително обезбедува можност за управување со ликвидноста.

Следната табела ја прикажува рочноста на финансиските обврски на 31 декември 2024 година на Друштвото:

	До 1 месец	Од 1 до 3 месеци	Од 3 месеци до 1 година	Од 1 до 5 години	Вкупно
2025					
Обврски кон добавувачи	431	-	-	-	431

19. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

19.4 Објективна вредност на финансиските инструменти (продолжение)

Следната табела ја прикажува рочноста на финансиските обврски на 31 декември 2024 година на Друштвото:

2024	До 1 месец	Од 1 до 3 месеци	Од 3 месеци до 1 година	Од 1 до 5 години	Вкупно
Обврски кон добавувачи	391	-	-	-	391

19.4 Објективна вредност на финансиските инструменти

Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски е одредена на следниот начин:

- Објективната вредност на финансиските средства и обврски со стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котираните пазарни цени;
- Објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски (со исклучок на деривативните инструменти) се одредува во согласност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на готовинските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и понудени цени од деловните партнери за слични инструменти.

Финансиски инструменти кои не се евидентирани по објективна вредност

Во илјади денари

	Сметководствена вредност		Објективна вредност	
	2025	2024	2025	2024
Финансиски средства				
Побарувања од купувачи	4,733	4,575	4,733	4,575
Пари и парични еквиваленти	6,592	7,801	6,592	7,801
	11,325	**12,376**	**11,325**	**12,376**
Финансиски обврски				
Обврски кон добавувачи	431	391	431	391
	431	**391**	**431**	**391**

Претпоставки користени при одредување на објективна вредност на финансиски средства и обврски.

Побарувањата се мерат по амортизирана набавна вредност намалена за резервирање поради оштетување. Нивната објективна вредност е еднаква со нивната евидентирана вредност поради краткорочното доспевање. Објективната вредност на паричните средства и еквиваленти се смета дека е приближна на нивната евидентирана вредност поради доспеаноста која е пократка од 3 месеци. Објективната вредност на обврските кон добавувачи и останатите обврски е приближна на евидентираната вредност поради нивното краткорочно доспевање. Објективната вредност на позајмиците со варијабилна каматна стапка е приближна на евидентираната вредност поради прилагодувањата на каматните стапки за специфични финансиски обврски кон пазарните каматни стапки за слични инструменти.

20. ДАНОЧЕН РИЗИК

Во Република Северна Македонија тековно во сила се неколку даночни закони, кои се воведени од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Овие даноци вклучуваат: данок на додадена вредност, данок на добивка, данок на личен доход и останати даноци. Даночните биланси, вклучувајќи ги и сите останати полиња на даночна регулатива (како што се увозните царини), можат да бидат предмет на преглед и контрола од неколку соодветни даночни власти, кои можат да проценат значајни казни и пенали. Толкувањето на даночната легислатива од страна на даночните власти, применета врз трансакциите и активностите на Друштвото, може да не коинцидира со толкувањата на раководството. Документацијата на Друштвото останува отворена за контрола од страна на даночните и царинските власти, за период од пет години. Ова практично значи дека даночните власти можат да одредат плаќање на дополнителни обврски во период од пет години од настанувањето на даночната обврска.

21. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при искажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута, на 31 декември 2025 и 2024 година се следните:

	Во денари 2025	Во денари 2024
ЕУР	61.4950	61.4950
УСД	52.3050	58.8807

22. НЕИЗВЕСНИ ОБВРСКИ

Друштвото има издадено банкарски гаранции во вкупен износ од 81 илјади денари, кои се 100% обезбедени со денарски депозити, и се издадени за учество на тендери.